**20221632242**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 148 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македнија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21 и 99/22), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА, ОБРАЗЕЦОТ ЗА БОДОВНА СКАЛА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ОД ОПШТИНИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови за доделување на средства, образецот за бодовна скала и начинот на обезбедување на социјални услуги од општините.

Член 2

Доделувањето на средства на општините за обезбедување на социјални услуги, се врши преку објавување на јавен повик на веб страницата на Министерството за труд и социјална политика.

Член 3

Кон пријавата од општините, покрај потребните документи наведени во јавниот повик за обезбедување на социјални услуги од општината, градот Скопје и општините во градот Скопје (во натамошниот текст: општините), доколку услугата се обезбедува од страна на центар за социјални услуги основан од општината, се приложува и:

1) програма за работа која содржи начин на давање на социјалната услуга и работа во недискриминаторска средина;

2) контакт податоци за одговорното лице (име, презиме, е-маил адреса и телефонски број);

3) документ за остварено партнерство, меѓусекторска соработка и обезбедено кофинансирање (доколку има);

4) листа за стручниот и друг кадар и биографија за секое лице;

5) известување од општината дека нема добиено други средства за давање на услугата;

6) годишен извештај за работа за претходната година и завршна сметка за претходната година на центарот за социјални услуги;

7) годишен план за финансиски и материјални средства за давање на услугата на центарот за социјални услуги.

Општината за центар за социјални услуги кој е основан во тековната година во која се објавува јавниот повик, не ги доставува докумените од став 1 точка 6) на овој член.

Член 4

Кон пријавата од општината, доколку социјалната услуга се реализира преку остварена соработка на општината со лиценциран давател на социјални услуги, кон пријавата, покрај документите наведени во јавниот повик од член 3 став 1 од овој правилник, за лиценцираниот давател на услугата се доставуваат и:

1) договор за соработка со лиценциран давател;

2) програма за давање на социјалната услуга за која се бара доделување на средства, полн назив и адреса на субјектот со јасно дефинирани активности во текот на реализацијата на програмата;

3) годишен извештај за работа за претходната година на лиценцираниот давател на социјални услуги;

4) завршна сметка за претходната година, уверение за платени даноци издадено од даночните органи на лиценцираниот давател на социјални услуги;

5) контакт податоци за одговорното лице/координатор за реализација на програмата за давање на социјална услуга (име, презиме, е-маил адреса и телефонски број);

6) листа за стручниот и друг кадар и биографија за секое лице;

7) изјава од лиценцираниот давател на социјални услуги заверена на нотар дека нема добиено средства од друг државен орган или единица на локалната самоуправа за истите активности за давање на услугата.

Лиценцираниот давател на услуги кој добил дозвола за работа во тековната година во која се објавува јавниот повик, не ги доставува документите од став 1 точките 3) и 4) на овој член.

Член 5

Општините може да поднесат само една пријава за добивање средства за иста услуга по јавниот повик од член 3 став 1 од овој правилник.

Од страна на Комисијата за обезбедување на средства за социјални услуги од општините и другите даватели (во натамошниот текст: Комисијата), нема да бидат разгледувани пријавите со непотполна документација или поднесени по истекот на предвидениот рок.

Член 6

Од страна на Комисијата се разгледуваат пријавите по јавниот повик од член 3 став 1 од овој правилник и поднесената документација за давање на социјална услуга.

Од страна на Комисијата се врши бодување согласно бодовната скала за доделување средства за давање на социјална услуга, и тоа за:

1. потреба за давање на социјалната услуга согласно утврдените социјални проблеми и ранливите групи во општината (до 10 бода);
2. остварена соработка за давање на услугата (до 30 бода);
3. остварена меѓуопштинска соработка (до 10 бода);
4. капацитет за спроведување на услугата (до 30 бода);
5. обезбедено кофинансирање (до 20 бода).

Бодувањето од став 2 на овој член, се врши на образец „Бодовна скала за доделување средства за давање на социјални услуги од општините“, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Вкупните бодови во бодовната скала се запишуваат како просек од поединечното бодување од членовите на Комисијата.

Член 7

Од страна на Комисијата, врз основа на оцена на документацијата поднесена од страна на општините, се проверува дали општината ги исполнува условите наведени во јавниот повик за давање на социјална услуга.

На општините кои освоиле најмалку 60 бодови им се доделуваат средства.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-5246/2
15 јули 2022 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јованка Тренчевска**, с.р.

**Прилог**

БОДОВНА СКАЛА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ОД ОПШТИНИТЕ

**За подносителот на пријавата ____________________________________________**
**по јавниот повик за обезбедување социјални услуги**

________________________________________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1.** | **ПОТРЕБА ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА УСЛУГА СОГЛАСНО УТВРДЕНИТЕ СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ И РАНЛИВИТЕ ГРУПИ ВО ОПШТИНАТА** | | |
| | | можни поени | освоени поени |
| | | 0-10 | |
| **ВКУПНО** | | **10 поени** | |
| **2.** | **ОСТВАРЕНА СОРАБОТКА ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГАТА** | | |
| | | можни поени | освоени поени |
| **2.1.** | Соработка со лиценцирани даватели на социјални услуги | 0 – 20 | |
| **2.2.** | Партнерска соработка во давањето на социјална услуга | 0 – 5 | |
| | Меѓуресорска соработка во давањето на социјална услуга | 0-5 | |
| **ВКУПНО** | | **30 поени** | |
| **3.** | **ОСТВАРЕНА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА** | | |
| | | можни поени | освоени поени |
| 3.1. | Меѓуопштинска соработка во давањето на социјална услуга | 0 - 5 | |
| 3.2. | Давање на услугата во рурални средини | 0 - 5 | |
| **ВКУПНО** | | **10 поени** | |
| **4.** | **КАПАЦИТЕТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УСЛУГАТА** | | |
| | | можни поени | освоени поени |
| 3.1. | Просторни услови за давање на услугата, опрема, вклучувајќи и дигитализација, материјали за работа итн. | 0 - 10 | |
| 4.2. | Стручни и други кадри за давање на услугата со јасно дефинирани активности, задачи, одговорности и права. | 0 - 10 | |
| 4.3. | Поврзаност на активностите со очекуваните резултати | 0-10 | |
| **ВКУПНО** | | **30 поени** | |
| **5** | **ОБЕЗБЕДЕНО КОФИНАНСИРАЊЕ** | | |
| | | можни поени | освоени поени |
| 5.1. | Обебеден простор и опрема од општината ( тековно одржување и амортизација) | 0 – 15 | |
| 5.2. | финансирање на услугата | 0 – 5 | |
| **ВКУПНО** | | **20 поени** | |
| **МАКСИМУМ ПОЕНИ** | | **100 поени** | |

Датум на пополнување на образецот

__________________, Скопје

**Членови на Комисијата**

1. ________________________________
   (име и презиме и потпис)
2. ________________________________
   (име и презиме и потпис)
3. ________________________________
   (име и презиме и потпис)
4. ________________________________
   (име и презиме и потпис)
5. ________________________________
   (име и презиме и потпис)